IT-04-82-PT
D6-1/11005 quater
26 JANUARY 2007

6/11005 quater
PK

**ОБЕДИНЕТИ
НАЦИИ**

| | | |
|---|---|---|
| Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година | Предмет бр.: | ИТ-04-82- ПТ |
| | Датум: | 17. јануари 2007 |
| | Оригинал: | англиски |

**ПРЕД СУДСКИОТ СОВЕТ II**

**Судии:** **Судија Кармел Агиус, Претседавач**
**Судија Кевин Паркер, Претпретресен судија**
**Судија Кимберли Прост**

**Секретар:** **г. Ханс Холтхуис**

**Датум на поднесување:** **17. јануари 2007**

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**Љубе БОШКОСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

**РЕШЕНИЕ ПО БАРАЊЕТО ОД НАСЕР ОРИЌ ЗА ПОТВРДУВАЊЕ**

**Канцеларијата на Обвинителот:**

г. Дан Саксон
г. Анеес Ахмед

**Одбрана за обвинетите:**

г-ѓа Едина Решидовиќ за Љубе Бошкоски
г. Антонио Апостолски за Јохан Тарчуловски

**Одбрана за Насер Ориќ:**

г-ѓа Васвија Видовиќ

г. Џон Џонс

1. Ова решение на Судскиот Совет II (понатаму во текстот: Судскиот совет) се однесува на „Барањето на Насер Ориќ за потврдување" за доставување на интерлокуторна жалба на „Решението од Судскиот совет по Поднесокот од Одбраната на Насер Ориќ за пристап до релевантниот дел на транскриптот од Конференцијата според правило 65*ter* одржана на 23. март 2006" днесено на 18. декември 2006 (понатаму во текстот: Барање).

2. На 28. септември 2006 Одбраната на Насер Ориќ (понатаму во текстот: Одбраната на Ориќ) го поднесе својот „Поднесок за пристап до релевантниот дел на транскриптот од Конференцијата според правило 65*ter* одржана на 23. март 2006 во предметот *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*" во кој се бара обелоденување на дел од транскриптот на она што во суштина беше средба во согласност со правило 65*ter*, на која се дискутираше прашањето за измена и дополнување на обвинението за да се вметне тврдење дека подредените на Бошкоски им помагале и поддржувале други лица за да ги извршат кривичните дела. На 11. декември 2006 Судскиот совет го одби ова барање (понатаму во текстот: Решение од 11. декември 2006).

3. На 18. декември 2006 одбраната на Ориќ го поднесе своето Барање за потврдување. Канцеларијата на Обвинителот (понатаму во текстот: Обвинителството) поднесе реакција на 22. декември 2006 (понатаму во текстот: Реакција) во која се противи на Барањето. Одбраната за Љубе Бошкоски и Одбраната за Јохан Тарчуловски не поднесоа реакции во рокот предвиден со Правилникот.

4. За решенија на поднесоци, освен за прелиминарни поднесоци, не може да се поднесе интерлокуторна жалба без потврдување од Судскиот совет. Во согласност со правило 73(Б) од Правилникот за постапка и докази (понатаму во текстот: Правилник) Судски совет може да даде такво потврдување „доколку решението се однесува на некое прашање коешто значително би влијаело на правичното и експедитивно спроведување на судската постапка или на крајниот резултат од судењето и за коешто, според мислењето на Судскиот совет, брзо решение од Жалбениот совет значително би ја забрзало судската постапка". Ефектот од правило 73(Б) е да спречи потврдување доколку не се исполнети двата кумулативни услова што ги содржи,[1] но во случај кога тие се исполнети, потврдувањето останува дискреционо право на Судскиот совет.[2]

[1] Види на пример *Обвинителот против Милошевиќ*, предмет бр.: ИТ-02-54-Т, Решение по Поднесокот од Обвинителството за потврдување на жалба против Решението на Судскиот совет по Поднесокот од Обвинителството за *voir dire* постапка, 20. јуни 2005 (понатаму во текстот: Решение за *Милошевиќ*), пар. 2;

5. Одбраната на Ориќ тврди дека правило 73(Б) не е добро прилагодено за ситуации кога една страна во судска постапка пред Жалбениот совет бара правен лек од некој Судски совет и дека во такви околности Судскиот совет може да реши да одобри потврдување за да може тоа прашање да се доведе пред Жалбениот совет којшто расправа по крајната жалба по овој предмет.[3] Во друг случај, се тврди, ако Судскиот совет одлучи дека правило 73(Б) е составено со цел судската постапка пред Жалбениот совет да се најде во неговите рамки, тој ќе го одобри барањето бидејќи условите за потврдување пропишани со Правилникот се исполнети. Поконкретно, се вели дека бидејќи една од основите врз кои се темели жалбата на Ориќ против судската пресуда е тврдењето дека Судскиот совет греши во примена на правото со тоа што се потпира на една теорија на командна одговорност за која Одбраната смета дека не е изнесена во Обвинението и бидејќи делот од транскриптот од предметот *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски* до којшто се бара пристап содржи решение релевантно за ова прашање, одобрувањето на потврдување ќе му овозможи на Жалбениот совет пристап до овој транскрипт и ќе обезбеди Жалбениот совет да биде во позиција да ги реши овие прашања. Се тврди дека тоа значително би влијаело на правичното и експедитивно спроведување, и значително забрзување, на жалбената постапка во предметот *Ориќ* и конечниот исход од жалбата.[4] Одбраната на Ориќ понатаму тврди дека во своето Решение од 11. декември 2006 Судскиот совет направил грешка: (1) со тоа што смета дека правни прашања што се преклопуваат сами по себе не можат да доведат до релевантен *нексус* врз којшто се темели барање за пристап до матерјал од друг предмет;[5] (2) земајќи го тоа предвид, како принцип, транскрипти од конференции според правило 65*ter* никогаш не се обелоденуваат на одбраната во некој друг предмет;[6] (3) со тоа што не земале предвид дека се создала нерамноправност на страните со тоа што Обвинителството во предметот *Ориќ* ќе има целосен приод до релевантните транскрипти од Конференцијата според правило 65*ter* (бидејќи Канцеларијата на Обвинителството претставува една неразделна целина) додека Одбраната на Ориќ ќе нема;[7] и (4) со тоа што смета дека недостатокот на пристап до релевантните транскрипти според правило 65*ter* Одбраната на Ориќ ја компензира со пристап до други материјали, бидејќи некои од тие материјали не се јавно достапни на веб

---

*Обвинителот против Поповиќ и др.*, предмет бр. ИТ-05-86-ПТ, Решение по Поднесокот за потврдување на жалба против Заедничко решение за интерлокуторна жалба, 6. октомври 2005, пар. 6.

[2] *Обвинителот против Стругар*, предмет бр. ИТ-01-42-Т, Решение по Поднесокот на Одбраната за потврдување, 17. јуни 2004, пар. 2.

[3] Барање, пар. 3-7.

[4] *Ibid*, пар. 9-13.

[5] *Ibid*, пар. 14-19.

[6] *Ibid*, пар. 20-23.

[7] *Ibid*, пар. 24-26.

3/11005 quater

страната на Меѓународниот суд. Се тврди дека Одбраната на Ориќ ќе биде хендикепирана со тоа што ќе нема пристап до овој транскрипт, освен ако во одлуките изнесени во Решението на Судскиот совет од 11. декември 2006 не е содржано сѐ што било дискутирано на Конференцијата според правило 65*ter*.[8]

6. Обвинителството реагира дека Одбраната на Ориќ не задоволила ниту еден од условите за потврдување пропишани со правило 73(Б). Се вели дека одбивањето на пристап до правни дискусии во контекст на правило 65*ter* не повлекува последици по правичноста на жалбата на Ориќ бидејќи таквите дискусии не претставуваат релевантна судска пракса и јавните документи ги даваат сите информации што можат да бидат релевантни.[9] Се вели дека транскриптот претставува дел од жалбени списи против Решението од 26. март 2006 (на чие решавање се чекало во моментот кога е пишувана Реакцијата) и според тоа му е на располагање на Жалбениот совет.[10] Понатаму се вели дека одобрувањето на барањето за потврдување ќе го одложи, наместо значително да го забрза решавањето на жалбата, бидејќи Одбраната на Ориќ била во можност да ги изнесе во својот поднесок основните правни прашања во врска со опсегот на член 7(3) без да се осврне на дискусиите според правило 65*ter* во предметот *Бошкоски.*[11]

7. Правило 73(Б) му дава дискреционо право на Судскиот совет да одобри барање за потврдување доколку некое решение по поднесок вклучува прашање што „значително би влијаело врз правичното и експедитивно спроведување на судската постапка и на крајниот исход од судењето" и доколку брзо решение од страна на Жалбениот совет „може значително да ја забрза судската постапка". Правило 73(Б) не упатува конкретно на поднесоци во претпретресна, претресна или жалбена постапка, туку општо „сите поднесоци". Иако има упатување на „исходот од судењето", ова е само една од двете алтернативи, а другата е „спроведување на судската постапка". Во правило 73(Б) двапати се упатува на „судската постапка". И во двата случаја ова упатување може да се однесува или на постаката пред Жалбениот совет или пред Судски совет, во зависност од тоа за што се работи. Според тоа решенијата од Судските совети по поднесоци од страните со цел да се обжали судската постапка спаѓаат во опсегот на правило 73(Б).

---

[8] *Ibid*, пар. 27-30.
[9] Реакција, пар. 3-4.
[10] *Ibid*, пар. 5
[11] *Ibid*, пар. 6

8. Според мислењето на Советот, Решението од 11. декември 2006 не вклучува прашање кое значително би влијаело врз правичното и експедитивно спроведување на судската постапка пред Жалбениот совет или врз решението по жалбата. Основата за жалбата во предметот *Ориќ* може да го покрене прашањеата дали наведувањето на командната одговорност во Обвинението било правно адекватно и дали во околностите на тој предмет тоа адекватно и сигнализирало на Одбраната дека тезата на Обвинителството се базира на командна одговорност или можеби дека постои можност за осуда врз основа на командна одговорност, за кое се вели дека Судскиот совет го применил при донесувањето на своето решение. Во смисла дека ова може да вклучува прашања од правен карактер се вели дека истите прашања биле дискутирани и во текот на Средбата според правило 65*ter* во овој предмет. Не е сосема јасно како кои било ставови изнесени во текот на една средба од ваков карактер може да и бидат од помош на Одбраната на Ориќ или на Жалбениот совет во жалбената постапка *Ориќ*. Ставовите изнесени на таква средба немаат никаква обврзувачка моќ ниту авторитет. Кус осврт на прашањата дискутирани неофицијално на оваа Средба според правило 65*ter* беше изнесен на една подоцнежна статусна конференција. По ова следеше јавно решение на Судскиот совет во кое се дадени информации за суштината на дискусиите на средбата според правило 65*ter* и е откриен ставот на Судскиот совет по релевантните правни прашања. Според тоа ставот на Судскиот совет беше доволно јасно изнесен во јавноста за да им даде можност на други лица, вклучувајќи ја и Одбраната на Ориќ, да изнесат аргументи врз основа на тоа. Не е покажано дека транскриптот од средбата според правило 65*ter* меѓу страните во друг предмет би можел да има значителен ефект врз правичното и експедитивно спроведување на судската постапка во жалбената постапка *Ориќ*. Тоа е особено така во овој случај бидејќи ставот на Судскиот совет по конкретното прашање е предмет на јавно објавено решение.

9. Покрај тоа, Судскиот совет не е убеден дека, во сегашните околности, брзо разрешување од страна на Жалбениот совет може значително да ја забрза жалбената постапка. Како што се укажува во Барањето, на ставот на Судскиот совет во овој предмет се упатува во *Жалбениот поднесок од Одбраната на Ориќ*, во *Поднесокот од Обвинителството како реакција* и во *Поднесокот од Одбраната како одговор* поднесени во жалбената постапка. Суштината на релевантната дискусија во Средбата според правило 65*ter* за која се работи веќе била изнесена пред Жалбениот совет. Според мислењето на овој Судски совет, постапката пред Жалбениот совет во жалбената постапка *Ориќ* нема да биде значително забрзана со обелоденувањето на транскриптот од Средбата според правило 65*ter* во овој предмет.

1/11005 quater

10. Одбраната на Ориќ наоѓа четири грешки во Решението на Судскиот совет од 11. декември 2006. Вообичаено е прифатено во судската пракса на Меѓународниот суд дека во барање за потврдување не се расправа за тоа дали во едно решение било правилно расудувано или не[12] туку дали се исполнети условите според правило 65*ter*. Според тоа Судскиот совет не смета за потребно да се осврнува на овие аргументи во свите разгледувања што се однесуваат на правило 73(Б).

Поради тоа Судскиот совет го **ОДБИВА** Барањето.

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

Датирано од 17. јануари 2007,

Во Хаг

Холандија

(своерачен потпис на оригиналот)

Кармел Агиус

Претседавач

**[Печат на Меѓународниот суд]**

[12] Решение за *Милошевиќ*, пар. 4. Види исто така *Обвинителот против Иван Чермак и Младен Маркач,* предмет бр. ИТ-03-73-ПТ, „Решение по Поднесокот од Одбраната за потврдување на жалба против Решението по обединетото барање од Обвинителството да го измени и дополни обвинението и за спојување на обвиненија“, 14. јули 2006; *Обвинителот против Милутиновиќ*, предмет бр. ИТ-05-87-Т, „Решение со кое се одбива барањето од Обвинителството за потврдување на жалба против Одлуката по предложените доказни предмети П438 и П473“, 17. октомври 2006.